**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 мај 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Согласно договорот што го направивме со координаторите на пратеничките групи и согласно решението кое што вчера го добивме за новата седница, сега ќе почнеме со Сто триесет и шестата седница, а после завршувањето на оваа седница ќе се вратиме на Сто триесет и четвртата седнцица на Собранието.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Сто триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Гзим Острени, Петар Апостолов, Игор Ивановски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Марјан Ѓорчев, Али Ахмети, Назлија Даути, Мендух Тачи, Ружди Матоши, Љупчо Балковски, Фазли Велиу, Теута Арифи, Џезаир Шаќири, Замир Дика, Лилјана Поповска и Ристо Пејовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 65 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претсдателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница е свикана по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за донесување на закон за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина, усвоени од Мешовитиот комитет за спроведување на овој договор, со Предлог на закон.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници, гласале 57 пратеници, од нив 56 пратеници гласале за, 1 е воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1.Предлог за донесување на закон за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина, усвоени од Мешовитиот комитет за спроведување на овој договор, со Предлог на закон.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 пратеници гласале за, 1 воздржано, 1 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Преминуваме на точката од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина, усвоени од Мешовитиот комитет за спроведување на овој договор, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина, усвоени од Мешовитиот комитет за спроведување на овој договор.

Ве повикувамд а гласаме.

Гласале 67 пратеници, 67 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 65 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амамдман на член 3 и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 62 пратеника гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина, усвоени од Мешовитиот комитет за спроведување на овој договор.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Сто триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 13,10 часот).